АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-432/2
15 04 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**ПРЕДМЕТ: Насоки за воспоставување на систем за проверка на континуирано исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган на друштво за осигурување**

Почитувани,

Условите за вршење на функцијата член на Надзорен одбор и неизвршен член на Одбор на директори (во натамошниот текст: надзорен орган) во друштво за осигурување се утврдени во членот 28 став (1) од Законот за супервизија на осигурување. Во ставот (5) од истиот е член е утврдено дека членовите на надзорниот орган во друштвото за осигурување мора во континуитет да ги исполнуваат барањата од ставот (1) од истиот член.

Во насока на помош на друштвата за осигурување да ги применат горенаведените законски одредби односно, преку донесување на политики и нивно спроведување да воспостават систем кој ќе обезбеди членовите на надзорен орган во континуитет да ги исполнуваат предвидените законските услови, Агенцијата за супервизија на осигурување изготви и донесе акт - **Насоки за воспоставување на систем за проверка на континуирано исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган на друштво за осигурување (Бр. 14-432/1 од 10.4.2025 година).**

Во прилог, за Ваше постапување Ви ги доставуваме Насоките, при што согласно членот 163 став (4) од Законот за супервизија на осигурување, Ве задолжуваме со следното:

1. Друштвата за осигурување кои до моментот на добивање на ова известување не донеле и/или до Агенцијата не доставиле акт – политика за избор и оценка на соодветноста на член на надзорен орган на друштво за осигурување согласно точка II. од Насоките, истата да ја донесат и за тоа да ја известат Агенцијата најдоцна до 30.4.2025 година;
2. Друштвата за осигурување, за извршената оценка на член на надзорен орган пред донесување на одлука за избор односно именување согласно точка III. од Насоките, да ја известат Агенцијата со доставување на документацијата и резимето согласно точка III. од Насоките, најдоцна 5 дена пред датумот на одржување на седница на собранието на акционери на друштвото на која ќе се одлучува за избор односно именување на членот на надзорен орган;

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

3. Друштвата за осигурување, за извршената редовна годишна оценка на член на надзорен орган согласно точка IV. од Насоките, да ја известат Агенцијата со доставување на документацијата и резимето согласно точка IV. од Насоките, најдоцна до 30.4 во тековната година;
4. Друштвата за осигурување, за извршената вонредна оценка на член на надзорен орган согласно точка V. од Насоките, да ја известат Агенцијата со доставување на документацијата и резимето согласно точка V. од Насоките, најдоцна во рок 5 дена од датумот на извршената вонредна оценка.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ**
**м-р Ели Дракуловска**

**Професионално ангажирани Членови на Советот на експерти:**
м-р Горан Здравковски
м-р Александра Дранговска

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-432/1
10 04 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# НАСОКИ
# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ПРОВЕРКА НА КОНТИНУИРАНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

## I. ЦЕЛ НА НАСОКИТЕ

1. Условите за вршење на функцијата член на Надзорен одбор и неизвршен член на Одбор на директори (во натамошниот текст: надзорен орган) во друштво за осигурување се утврдени во членот 28 став (1) од Законот за супервизија на осигурување. Во ставот (5) од истиот е член е утврдено дека членовите на надзорниот орган во друштвото за осигурување мора во континуитет да ги исполнуваат барањата од ставот (1) од истиот член.

Овие насоки имаат за цел да им помогнат на друштвата за осигурување да ги применат горе наведените законски одредби односно, преку донесување на политики и нивно спроведување, да воспостават систем кој ќе обезбеди членовите на надзорен орган во континуитет да ги исполнуваат предвидените законските услови, односно да ги исполнуваат предвидените законски услови како во моментот на нивно именување така и во текот на целото времетраење на нивниот мандат.

## II. ПОЛИТИКА ЗА ИЗБОР И ОЦЕНКА

1. Друштвото за осигурување донесува и применува акт со кој ќе ја пропише политиката за избор и оценка на соодветноста на член на надзорен орган на друштво за осигурување од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва и интерните акти и политики на друштвото за осигурување, како во моментот на нивно именување така и во текот на целото времетраење на нивниот мандат.

2. Друштвото за осигурување при креирањето на политиката за избор и оценка на соодветноста на членовите на надзорен орган треба да внимава и да обезбеди надзорниот орган на друштвото како колективен орган да поседува соодветни квалификации, знаење и искуство поврзано со:

- пазарите на осигурување и финансиските пазари;
- деловната стратегија и бизнис моделите;
- систем на управување;
- финансиска и актуарска анализа;
- регулаторната рамка и регулаторните барања

3. Со актот за политиката за избор и оценка на соодветноста на член на надзорен орган, друштвото треба да пропише:

3.1 документи со кои се докажува исполнетоста на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва и документи и интерните акти и политики на друштвото за осигурување ;

3.2 ситуациите и околностите кои се или може да претставуваат судир на интерес, мерките за отстранување на судир на интерес како и мерките за управување и намалување на потенцијален судир на интерес вклучувајќи и идентификување на трансакции врз основа на кои членот на надзорен орган или со него поврзани лица, директно или индиректно се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што учеството на членот на надзорниот орган заедно со него поврзаните лица го надминало нивото на квалификувано учество во тоа правно лице, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице;

3.3 плановите, политиките и процедурите на друштвото за осигурување за постапување во случај на ненадејно и неочекувано отсуство или заминување односно престанок на вршење на функцијата член на надзорен орган;

3.4 лицето односно организационата единица во друштвото за осигурување која е одговорна за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

3.5 начин и постапката за оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

3.6 рокови за обезбедување на документацијата и информациите кои кандидатот за член на надзорен орган во друштвото за осигурување пред негово назначување треба да ги достави до друштвото за осигурување заради спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

3.7 рокови за обезбедување на документацијата и информациите кои членот на надзорен орган во времетраењето на извршувањето на функцијата треба да ја доставува до друштвото за осигурување заради спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

3.8 ситуациите и околностите кои претставуваат основа за спроведување на вонредна оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган;

3.9 формата и начинот на чување на документацијата за спроведената оценка.

## III. ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН

Друштвото за осигурување врши оценка на исполнетоста на условите за кандидат/член на надзорен орган:

1. пред секој избор односно именување на член на надзорниот орган;
2. редовна годишна оценка;

3. вонредна оценка - секогаш кога ќе настапат околности кои го доведуваат во сомневање исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорниот орган во друштвото за осигурување.

## IV. ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН ПРЕД ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ОДНОСНО ИМЕНУВАЊЕ

1. Пред донесување на одлука за избор односно именување на член на надзорниот орган на друштвото за осигурување од страна на собранието на акционери, друштвото за осигурување спроведува постапка на оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка, за секој кандидат за член на надзорен орган поединечно.

2. При спроведување на оценката согласно дел IV точка 1 од овие Насоки, друштвото за осигурување како потврда дека се исполнети предвидените услови ја подготвува, обезбедува и зема во предвид најмалку следната документација:

2.1 податоци (име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење,) на предложениот член на надзорен орган, преземени од лична карта, односно од пасошот на предложениот член на надзорен орган (странско физичко лице) како и податоци за контакт со лицето (телефон и електронска адреса);

2.2 кратка биографија за лицето (CV);

2.3 потврда/информација од Централен регистар на Република Северна Македонија, за тоа каде лицето предложено за член на надзорен орган е член на орган на управување, надзорен орган, прокурист или лице со посебни права и одговорности во други правни лица со седиште во Република Северна Македонија;

2.4 потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;

2.5 потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека физичкото лице не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци за кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против службената должност, како и кривични дела фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик, се додека траат правните последици на пресудата;

2.6 изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка;

2.7 изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не е поврзано лице со правно лице, во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице;

2.8 потврда од Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија за тоа каде лицето предложено за член на надзорниот орган поседува акции во други правни лица;

2.9 информација од Централен регистар на Република Северна Македонија, за тоа каде лицето предложено за член на надзорниот орган поседува удели во други правни лица;

2.10 изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не работело спротивно на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

2.11 изјава на лицето кое е предложено за независен член на надзорниот орган на друштвото за осигурување, дека лицето односно член на неговото потесното семејство: (1) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице (2) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување, органот на надзор или од раководните лица на друштвото и (3) не е акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото;

2.12 потврда од друштвото за осигурување дека лицето кое е предложено за независен член на надзорниот орган и физичките лица поврзани со него:

- не е вработено во друштвото;
- во последните пет години пред датумот на поднесување на барањето немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице
- не е акционер во друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото.

2.13 документацијата со која се докажува исполнетоста на останати интерни услови предвидени од страна на друштвото (стручни квалификации, знаење и искуство и др).

3. За извршената оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган согласно дел IV точка 1 од овие Насоки, друштвото за осигурување изготвува резиме од спроведената оценка со мислење дали кандидатот ги исполнува условите за член на надзорен орган пропишани со актот за политиката за избор и оценка.

**V. РЕДОВНА ГОДИШНА ОЦЕНКА НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН**

1. Друштвото за осигурување треба да обезбеди членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување во континуитет да ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со актот за политиката за избор и оценка.

2. Друштвото за осигурување најмалку еднаш годишно, најдоцна до 30 април во тековната година, спроведува постапка на редовна годишна оценка на соодветноста на членовите на надзорен орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган, со цел да утврди дали членовите на надзорниот орган во континуитет ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка, за секој член на надзорен орган поединечно.

3. При спроведување на редовната годишна оценка, друштвото за осигурување, ја подготвува, обезбедува и зема во предвид најмалку документацијата која се прибавува од надлежен суд, Централниот регистар и Централниот депозитар на хартии од вредност како и од соодветни надлежни органи од странство.

4. За извршената редовна годишна оценка пред донесување на одлука за свикување на годишно собрание на акционери, друштвото за осигурување изготвува резиме од спроведената оценка со мислење дали членовите на надзорниот орган во континуитет ги исполнуваат условите за член на надзорен орган пропишани со актот за политиката за избор и оценка.

**VI. ВОНРЕДНА ОЦЕНКА НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН**

1. Друштвото за осигурување веднаш без одлагање спроведува постапка на вонредна оценка на соодветноста на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во случај на настапување на околности кои го доведуваат во сомневање исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со актот за политиката за избор и оценка, вклучувајќи и случаи кога членот на надзорен орган има судир на интерес со кој не може да се управува како и во случаи кога на членот на надзорен орган му се менува опсегот на доделени работи, задачи и/или надлежности.

2. За извршената вонредна оценка на соодветноста на членот на надзорниот орган, друштвото за осигурување изготвува резиме од спроведената оценка со мислење дали членот на надзорниот орган се уште ги исполнува условите за член на надзорен орган пропишани со политиката за избор и оценка.

**VII. ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Потврдите кои се дел од документацијата која е предмет на оценка се обезбедуваат во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишани од овластено лице или од соодветниот надлежен орган, без дополнителни исправки и на македонски јазик. Доколку потврдата е на друг јазик, заедно со оригиналот се прибавува и превод на македонски јазик, преведен од овластен преведувач и заверен кај нотар.

2. Изјавите кои се дел од документацијата која е предмет на оценката треба да бидат заверени кај овластено лице (нотар).

3. Потврдите и изјавите кои се дел од документацијата која е предмет на оценката не треба да бидат постари од три (3) месеци пред денот на спроведување на оценката.

4. Доколку лицето кое е предмет на оценка е странско лице, потврдите кои се дел од документацијата која е предмет на оценката, покрај од органи и институции од Република Северна Македонија, се прибавуваат и од соодветни органи и институции од земјата од која доаѓа странското лице.

5. Доколку законодавството на земјата од која доаѓа странското лице поинаку ја регулира материјата во врска со документацијата која е предмет на оценка, треба да се приложи соодветен документ или правно мислење од адвокат, со кој ќе може да се потврди разликата во регулативата, односно ќе се обезбеди друг релевантен документ со кој би се потврдило исполнувањето на предвидената законска обврска.

**Бр.14-432/1**
**Скопје, 10.4.2025 година**

**Претседател на Советот на експерти**
**м-р Ели Дракуловска**

Професионално ангажирани членови на Советот на експерти:
м-р Александра Дранговска
м-р Горан Здравковски